**БАРАЊЕ 23-1429**

1. Врз принципите на заложба за дигитализација на јавните услуги на општинско ниво, Ве молиме да ни доставите информација кои услуги кои се испорачуваат кон граѓаните се дигитализирани и на каков начин може да се пристапи кон истите? Доставете и линкови доколку имате.

2. Согласно определбите за дигитализација , дали општината издвојува посебна буџетска ставка за развивање на нови и иновативни алатки кои овозможуваат понатамошна дигитализација на услугите кои ги нуди Вашата општина? Доколку општината издвојува буџетски средства за дигитализација на услугите, ве молиме наведете го износот наменет за дигитализација на услугите наменети кон граѓаните на годишно ниво.

3. Дали се спроведува редовно годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински е-услуги сакаат да им бидат понудени?

- Ако да, доставете копија од повикот за анкетирање и извештај од собраните мислења/предлози.
- Ако не спроведувате редовно годишно анкетирање, на кој начин го прибирате мислењето и предлозите од граѓаните за развој на нови е-услуги? Ве молиме објаснете го начинот на прибирање на мислењата и предлозите.

**ОДГОВОР 23-1429**

1. На веб страната на Општина Кавадарци https://kavadarci.gov.mk/ се поставени неколку е - услуги во делот е-општина и тоа:

-пријави проблем - претставува е-услуга , за полесен начин граѓаните да ги пријавуваат своите проблеми во повеќе сегменти дирекно на порталот-, линк http://95.86.27.250:458/Account/najava

-е-даноци – претставува електронски систем за Данок на имот , преку кој граѓаните имаат увид во сопствените сметки за даноци и можат да извршат електронска уплата , линк https://danoci.kavadarci.gov.mk/

-ГИС – систем каде што граѓаните можат да направат увид во сопствените парцели и можат да си генерираат извод од урбанистички план за сопствени цели , линк http://95.86.27.250:90/

-360° (3D прошетка) – Виртуелен Музеј на Тиквешкиот регион , прошетка на територијата на град Кавадарци , линк https://vrport.viewin360.co/share/collection/7YWhh?logo=bWVkaWEvNTM5OTMvNjE0Yy01N2I1LTI1MDQtMTM1Ni5wbmc=&info=0&logosize=200&fs=1&vr=1&zoom=1&sd=1&gyro=0&initload=0&thumbs=1

2. За надоградба на ГИС порталот , издвоени се 1.500.000,00 денари со ДДВ (двегодишна набавка 2024-2025 година).

3. Не се спроведува анкетирање на граѓаните.